СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
бр. 145 од 5 ноември 2010 година

**2960.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за класифицирани информации, што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 27 октомври 2010 година.

Бр.07-4439/1
27 октомври 2010 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија
**Ѓорге Иванов,**с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија
**Трајко Вељаноски,** с.р.

# З А К О Н
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

Член 1

Во Законот за класифицирани информации („Службен весник на Република Македонија“ број 9/2004 и 113/2007), во членот 67 ставовите 1 и 2 се менуваат и гласат:

„Вработените во Дирекцијата се државни службеници, освен вработените кои вршат помошни и технички работи.

За вработените во Дирекцијата кои вршат помошни и технички работи, во однос на правата и одговорностите од работен однос, се применуваат одредбите од Законот за работни односи и прописите од областа на здравственото, пензиското и инвалидското осигурување и Општиот колективен договор за јавниот сектор на Република Македонија.“

Ставовите 3 и 4 се бришат.

Ставовите 5 и 6 стануваат ставови 3 и 4.

Член 2

Актот за систематизација на работните места во Дирекцијата да се усогласи со овој закон во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.